**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”**
**објавува**

# Повик за обучувачи за работилници за зајакнување на академските способности за академската 2016/2017 година

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС” во рамки на проектот **“Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“** објавува повик за обучувачи за испорака на работилници за зајакнување на академските способности. Проектот е целосно поддржан од страна на Ромскиот Образовен Фонд, Будимпешта.

Целта на работилниците е преку стекнување на академски знаења, вештини и надградба на академските капацитети да се зајакнат академските способнсоти на студентите Роми кои се на додипломски студии во државните и приватните универзитети во Република Македонија.

**Теми, распоред и опис на работилниците**

Теми на еднодневни работилници:

1. Комуникација со јавноста и новинарско изразување во Октомври 2016
2. Менаџирање на време за ефективно учење во Ноември 2016
3. Техники за академско пишување во Февруари 2017

Теми на дводневни работилници:

4. Методологија на научно-истражувачка работа во Декември 2016
5. Комуникациски и презентациски вештини во Мај 2017

Содржината и методологијата на работа на работилниците треба да се прилагоди на потребите на целната група кои ќе бидат дополнително проценети пред реализација на секоја работилница.

Работен јазик на работилниците ќе биде македонскиот јазик.

**Работни задачи и надоместок**

Селектираните обучувачи кои ќе ги испорачат работилниците ќе треба:

- Да направат проценка на потребите на студентите пред работилницата преку анкетен прашалник доставен до студентите;
- Да изготват финален дизајн на работилница со методологија на работа согласно потребите на студентите, најмалку 7 дена пред работилницата;
- Да подготват материјали за работа за работилницата, најмалку 7 дена пред работилницата;
- Да дистрибуираат електронски примерок од сите употребени наставни материјали во работилницата, до проектниот тим и учесниците, најдоцна 7 дена после работилницата;
- Да подготват агенда за работилницата;
- Да подготват и направат евалуација на работилницата;
- Да изготват наративен извештај за работилницата.

Селектираните обучувачи ќе добијат примерок за агенда, примерок за евалуационен плашалник и примерок за подготовка на наративен извештај од проектниот тим на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“.

Селектираните обучувачи пред испорака на работилницата ќе склучат договор за авторско дело со Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во кое ќе се регулираат договорените работни задачи и висината на авторки надоместок. Обучувачите за испорака на еднодневна работилница ќе добијат авторски надоместок во бруто износ од 110 до 165 евра, додека за испорака на дводневна работилница, бруто износ од 220 до 330 евра.

Висина на авторски надоместок за еден ден:

- обучувачите со завршен I циклус на студии, 110 бруто евра,
- обучувачите со завршен II циклус на студии, 135 бруто евра, и
- обучувачите со завршен III циклус на студии 165 бруто евра, во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ на денот на исплатата.

**Услови за пријавување**

Кандидатите за обучувачи треба да ги исполнат следните услови:

- Да имаат завршено високо образование;
- Да имаат искуство во испорака на работилници;
- Да имаат искуство во испорака на работилници на темите кои се наведени во овој повик;
- Да имаат добро познавање на педагошките пристапи на учење, методи и методологија на работа.

Кандидатот може да се пријави за испорака на една или повеќе работилници.

## Документи за пријавување

Кандидатите за обучувачи треба да ги достават следните документи:

- Скенирана диплома од завршено високо образование;
- Кратка биографија која ќе ги содржи претходно најважните испорачани работилници, обуки и семинари;
- Листа на испорачани работилници само за темата/темите за кои се пријавувате;
- Предлог дизајн на работилница на темата/темите за кои се пријавувате.

Предлог дизајнот на работилница треба да содржи детален опис на сесисиите преку опис на активностите, нивното времетраење и методологијата на работа која ќе се примени на работилницата. Примерок за подготовка на предлог дизајн на работилницата е достапен овде.

**Начин и краен рок на пријавување**

Документите за пријавување треба да се достават по електронски пат на е-маил адресата: **office@romaversitas.org.mk, најдоцна до 30 Септември 2016**

**Селекција на кандидати**

Селекцијата на кандидатите ќе ја вршат членовите на Извршниот Одбор на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Октовмри 2016.

Критериуми при процесот на селекција на кандидати се:

-искуство во испорака на обуки/работилници

-искуство во испорака на обуки/работилници на темите кои се наведени во овој повик
-квалитетот на предлог дизајнот за еднодневна работилница

**Напомена:**
Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“, поради тоа што се залага да се зголеми бројот на Роми во своите вклучени човечки ресурси, ќе даде предност на кандидатите Роми кои еднакво ги исполнуваат критериумите за селекција со другите пријавени кандидати.

Сите пријавени кандидати ќе бидат регистрирани во базата на обучувачи на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ и ќе бидат информирани за следните повици.

Дополнителни информации за повикот за обучувачи можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје и Тетово, или на тел: 076/225-568, секој работен ден од 09.00 до 17.00 часот или на електронски пат на е-маил адресата: **office@romaversitas.org.mk.**

Ги очекуваме вашите апликации.

Со почит,
Здружение на граѓани **„**РОМАВЕРЗИТАС**”**
Целосно посветени на поддршка на развојот на студентите Роми !